Опис на задачи (Terms of Reference)

За ангажирање на обучувач(к)и/тим експерт(к)и

за развој и испорака на обука и менторство за жени претприемачки во Република Северна Македонија во рамки на проектот:

Економско вклучување и правда за жените од Западен Балкан (EWI)

Краен рок за поднесување на апликации: **12 ноември 2026 година.**

1. ЗА ПРОЕКТОТ

CARE Balkans, во соработка со партнерските организации од регионот: Консалтинг за стратешки развој (Северна Македонија), ENECA (Република Србија), LINK (Босна и Херцеговина), и Tehnopolis (Црна Гора), го спроведува проектот „Економско вклучување и правда за жените од Западен Балкан“- (EWI).

Проектот е финансиран од Австриската агенција за развој (ADA) со средства на Австриската развојна соработка. Истиот претставува тригодишна интервенција која има за цел да го постигне дека жените од Западен Балкан се зајакнати и имаат целосен пристап до нивните економски права. Тоа ќе се постигне преку поддршка на женското претприемништво, унапредување на нивната вработливост и овозможување на поволна средина за инклузивен економски развој во Србија, Босна и Херцеговина, Северна Македонија и Црна Гора.

2. ЦЕЛ И ОПИС НА АНГАЖМАНОТ

Консалтинг за стратешки развој во рамки на проектот EWI има потреба од ангажирање на искусни обучувач(к)и/тим од експерт(к)и кои што ќе ги развијат и зајакнат капацитетите на 32 жени претприемачки од кои 13 со ново воспоставен бизнис, 17 со постоечки бизнис и 2 социјални претпријатија. Ангажманот предвидува неколку фази на спроведување на активностите во периодот од ноември 2026 до февруари 2027 година:

- Развој на програма за обука и менторство за финансиско управување и продажба за одржлив раст на бизнисот. Програмата треба да вклучува методологија за

спроведување на работилниците, содржина и работен материјал (практични вежби, квизови, тестови за евалуација на знаење пред и после обуката), соодветно прилагодени на различниот степен на знаење на учесниците;
Истата треба да ги обработува, но не е ограничена, на следниве тематики:

- буџетирање,
- финансиско планирање,
- управување со готовински тек и инвестиции
- контрола на трошоци,
- продажни стратегии и пристап до пазари.

- Спроведување на обука за финансиско управување за група од не повеќе од 32 учесници.
- Изработка на план за менторство и спроведување менторски сесии за дополнителна поддршка и практично решавање на проблеми во управувањето со бизнисот Очекуван резултат е: подобрено финансиско управување, поголема одржливост на бизнисите и зголемен капацитет за продажба и генерирање приходи.
- По завршување на оваа фаза, експертот треба да подготви финален извештај за спроведените активности согласно образецот обезбеден од Care Balkans и Консалтинг за стратешки развој. Извештајот треба да биде поднесен на англиски јазик.
- Развој на програма за обука и менторство за дигитален маркетинг, алатки за вештачка интелигенција и канали за продажба. Програмата треба да вклучува методологија за спроведување на работилниците, содржина и работен материјал (практични вежби, квизови, тестови за евалуација на знаење пред и после обуката), соодветно прилагодени на различниот степен на знаење на учесниците;
  Истата треба да ги обработува, но не е ограничена, на следниве тематики:
  - дигиталниот маркетинг,
  - брендирање,
  - дигитални и алатки за вештачка интелигенција за промоција и раст
  - е-трговија и промоција преку социјални медиуми
  - практични вештини за зголемување на видливоста, привлекување нови клиенти и проширување на продажните канали и дигиталното присуство.
- Спроведување на обука за дигитален маркетинг, алатки за вештачка интелигенција и канали за продажба за група од не повеќе од 32 учесници.
- Изработка на план за менторство и спроведување на менторски сесии за дополнителна поддршка и решавање на практични проблеми. Очекуван резултат

е: зголемена дигитална видливост, подобрена промоција на производите и услугите и поефикасно користење на дигиталните канали за продажба и привлекување клиенти.

- По завршување на оваа фаза, експертот треба да подготви финален извештај за спроведените активности согласно образецот обезбеден од Care Balkans и Консалтинг за стратешки развој. Извештајот треба да биде поднесен на англиски јазик.

3. ОБВРСКИ НА КОНСАЛТИНГ ЗА СТРАТЕШКИ РАЗВОЈ

- Ќе обезбеди контакт информации коишто им се потребни на експертите и ќе се договори со нив за планот на работа.
- Ќе ги покрие организациските трошоци за обуките.
- Ќе обезбеди образец за извештај во соработка со Care Balkans.

4. РАПОРЕД И БУЏЕТ

Тимот од експерти ќе бидат ангажирани во периодот од ноември 2026 до февруари 2027 година за максимум 34 консултантски денови.

5. КВАЛИФИКАЦИИ КОИ ШТО ТРЕБА ДА ГИ ПОСЕДУВААТ ЕКСПЕРТИТЕ

Апликантите треба да поседуваат професионална експертиза и искуство во подготовка и реализација на обуки и менторство за финансиско управување и за дигитален маркетинг. Искуство во работа со жени претприемачки и со нововоспоставени бизниси ќе се смета за предност.

Образование:

- Универзитетска диплома во областите економија, бизнис, финансии, дигитален маркетинг, е-трговија/е-бизнис или други релевантни области. Магистерски степен на образование ќе се смета за предност.

Професионално искуство:

- Најмалку 5 години докажано искуство со дизајн и испорака на обуки и менторство за финансиско деловно планирање, дигитален маркетинг, е-продажба , изработка на бизнис планови;

- Најмалку 5 спроведени обуки/иницијативи за бизнис планирање и/или учество во спроведување на едукација за женско претприемништво;
- Искуство во креирање програми и материјали за обуки прилагодени на различни степени на писменост и културни контексти;

Вештини и способности:

- Разбирање на предизвиците со кои се соочуваат жените во поглед на нивното вклучување на пазарот на труд;
- Вештини за советување на жени за развој на бизнис;
- Вештини за пренесување на знаењето преку примена на практични техники и интерактивни методи кои ќе поттикнат вклучување и активност кај сите членови од групите;
- Можност за изработка на финален извештај на англиски јазик.

7. НАЧИН НА АПЛИЦИРАЊЕ

Апликантите потребно е да ги достават следните документи на англиски јазик:

- **Кратка биографија (CV) со опис на експертизата релевантна за оваа задача на членовите на тимот на експерти**;
- **Референтна листа на слични ангажмани (најмалку 3) со контакти**;
- **Методологија (максимум 3 страници)** за спроведување на обуката и менторството за вклучувајќи: времетраење, структура на обуката и менторството и пристап кон содржината; методи за прилагодување на материјалите според различни нивоа на писменост; стратегија за активирање на жени претприемачки на културно-сензитивен начин; употреба на интерактивни алатки или работа на конкретни прашања и предизвици на со кои се соочуваат претприемачките;
- **Финансиска понуда.** Апликантите треба да предложат бруто дневен надомест во евра по консултантски ден, имајќи го предвид наведеното времетраење на обуката (дневниот надомест треба да ги вклучи сите трошоци, вклучително за пат и храна). Нема стандарден формат за финансиската понуда.

Ангажманот е отворен за правни (компании, асоцијации, здруженија и сл.) и (тим) физички лица. Апликацијата треба да ги содржи имињата и целосните биографии на сите експерти кои ќе работат на реализација на задачата.
Согласно одделните теми за секоја од двете обуки, се преферира тим којшто е составен од двајца експерти - еден со експертиза во спроведување обуки за финансиско управување, а друг со експертиза во спроведување обуки за дигитален маркетинг.

Сите логистички трошоци поврзани со реализација на обуката (закуп на простор за обуки, печатење на работни материјали и сл.) се на товар на Консалтинг за стратешки развој.

Прашања поврзани со ангажманот може да се достават најдоцна до 6 ноември 2026 г. на следнава е-маил адреса: contact@sdc.com.mk. Бараните документи **на англиски јазик** треба да се достават на: contact@sdc.com.mk, најдоцна до 12 ноември 2026 г., до 17:00 часот.
Некомплетните понуди нема да бидат земени предвид во процесот на евалуација.

Скопје, 30 октомври, 2026